GENERALI INVESTMENTS

Согласно Одлуката од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за утврдување на начинот на пресметување на приносот по удел во отворен инвестициски фонд и за пресметување на волатилноста на инвестицискиот фонд, Друштвото за управување со инвестициски фондови Генерали Инвестментс АД Скопје ги пресметува и ги објавува просечната стапка на принос по удел, волатилноста, односно стандардната девијација, како и ризичната класа за секој отворен фонд со кој управува. Добиените резултати се објавуваат во проспектот на соодветниот фонд кога се вршат негови измени, како и на веб страницата на Друштвото, и тоа квартално, а најдоцна во рок од 10 дена по истекот на кварталот за кој се однесуваат податоците.

Просечната стапка на принос по удел се пресметува за следните периоди: 12 месеци, 2 години и 5 години, односно од датумот на основање на фондот до денот на известување. Просечната стапка на принос се пресметува со употреба на седмични приноси на фондот.

Волатилноста, односно стандардната девијација се пресметува врз основа на историски податоци за приносите на фондот од последните 5 години, или врз основа на историски податоци од пократок период, односно од моментот на формирање на фондот, (доколку фондот е формиран во период не подолг од 5 години) до моментот на известување. Стандардната девијација се пресметува со употреба на седмични приноси на фондот. Периодите кои се земаат како влезен податок се идентични со периодите кои се земаат при пресметка на просечна стапка на принос. Стандардната девијација се пресметува и потоа се сведува на годишна основа

Врз основа на пресметаната стандардна девијација, согласно опишаниот метод, Друштвото понатаму го пресметува и индикаторот на синтетичкиот ризик и принос (ризичната класа), на секој инвестициски фонд со кој управува. Индикаторот на синтетичкиот ризик и принос (ризична класа) се пресметува согласно усвоените политики, процедури, методологии и/или други акти за управување со ризиците.

Во следната табела се прикажани добиените резултати за отворениот фонд ГЕНЕРАЛИ БРИК, за кварталот кој завршува на 30.09.2021 г.

| Фонд | Просечна стапка на принос % | | | | Волатилност | Ризична класа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12 месеци | 2 години | 5 години | Од основање | | |
| ГЕНЕРАЛИ БРИК | 1,39% | 0,13% | 0,29% | 0,41% | 23,91% | 6 |